ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
STATE AUDIT OFFICE

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ
# ЗА ИЗВРШЕНА РЕВИЗИЈА НА
# ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ И РЕВИЗИЈА НА УСОГЛАСЕНОСТ
# ЗА 2021 ГОДИНА НА

ОПШТИНСКО ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ „ЉУБЕН ЛАПЕ“
ОПШТИНА АЕРОДОРОМ - СКОПЈЕ

СМЕТКА НА РАСХОДИ НА БУЏЕТ НА ДОТАЦИИ (903)

01 2021 10 165/1

Скопје, март 2023 година

С О Д Р Ж И Н А


| Опис | Страна |
|---|---|
| КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР | 1 - 9 |
| **Финансиски извештаи за 2021 година** | |
| Биланс на приходи и расходи | 10 |
| Биланс на состојба | 11 |
| Преглед на промени на капиталот | 12 |
| **Сметководствени политики и образложенија кон финансиските извештаи** | |
| Вовед | 13 - 20 |
| Сметководствени политики | 20 - 21 |
| Образложенија кон финансиските извештаи | 22 - 25 |

Кратенки користени во извештајот:

ООУ – Основно општинско училиште
МОН – Министерство за образование и наука
МФ – Министерство за финансии
ЗЈВФК – Закон за јавна внатрешна финансиска контрола

ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
STATE AUDIT OFFICE

Број: 17-213/9

Дата: 21.03.2023

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

## Резиме

Државниот завод за ревизија изврши ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на Основно општинско училиште „Љубен Лапе“ Општина Аеродром - Скопје, на сметката на расходи на буџет на дотации (903), за 2021 година.

Со извршената ревизија, изразивме неповолно мислење за реалноста и објективноста на финансиските извештаи за 2021 година, а мислење со резерва за усогласеност со законската регулатива, упатства и воспоставени политики.

Не е извршена ревизија, ниту е издаден извештај за годините кои и претходат на годината што е предмет на ревизија.

Со извршената ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност кај ООУ „Љубен Лапе“ Општина Аеродром - Скопје, сметка на расходи на буџет на дотации (903) за 2021 година, констатирани се следниве состојби:

- системот на внатрешни контроли не е воспоставен;
- слабости во канцелариското и архивско работење;
- книгата на основни средства се води несоодветно;
- несоодветно сметководствено евидентирање на обврските спрема добавувачи;
- попис на средствата и обврските е нецелосен и несоодветно извршен.

Со цел подобрување на состојбите, ревизијата даде препораки за преземање на мерки и активности заради надминување на утврдените состојби.

Во делот - Нагласување на прашања за неизвесност и континуитет, ревизијата ги истакна состојбите во финансирањето на основното образование каде платите учествуваат со 96%, а останатите  расходи со 4% во вкупните расходи на училиштето со над илјада и двесте ученици.

Од страна на одговорните лица на субјектот, не се добиени забелешки на Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор.

# 1. Вовед

1.1. Извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи на страна од 10 до 12 заедно со ревизија на усогласеност на ООУ „Љубен Лапе“ Општина Аеродром- Скопје, сметка на расходи на буџет на дотации (903), кои се состојат од Биланс на состојба на ден 31 декември, Биланс на приходи и расходи за годината која завршува со тој датум, Преглед на промените на изворите на капиталните средства за 2021 година и применетите сметководствени политики и објаснувачки белешки кон финансиските извештаи.

1.2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државната ревизија и Годишната програма за работа за 2022 година на Државниот завод за ревизија согласно член 23 од Законот за државната ревизија.

1.3. Не е вршена ревизија ниту е издаден било каков извештај за ревизија на финансиските извештаи и усогласеност со закони и прописи на ООУ „Љубен Лапе“ Општина Аеродром - Скопје за годините кои и претходат на годината предмет на ревизија.

1.4. Финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот, застапувано од:

- Марјана Панчевска – директор, од 11.12.2019 до 02.02.2022 година,
- Сања Стојанова – директор, од 03.02.2022 до 30.09.2022 година.

Оваа одговорност вклучува дизајнирање, имплементација и одржување на интерна контрола која што е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи коишто се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки, избор и примена на соодветни сметководствени политики, како и правење на сметководствени проценки кои што се разумни во околностите.

Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

1.5. Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи од точка 1.1. врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа, дали активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање ревизорски докази за тоа дали приходите и трошоците се користени за планираните намени утврдени од страна на законодавецот. Таквите постапки вклучуваат и процена на ризикот од неусогласеност.
Ревизијата е извршена во согласност со Ревизорските стандарди на Врховните ревизорски институции (ISSAI). Овие стандарди налагаат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата со цел да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува извршување на постапки за прибавување на достатни соодветни ревизорски докази како поткрепа на нашите заклучоци. Избраните постапки зависат од расудувањето на ревизорот, вклучувајќи ја и проценката на ризикот од материјална неусогласеност, без разлика дали е резултат на измами или грешки.

При процена на ризикот, ревизорот ги разгледува внатрешните контроли релевантни за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи со цел да се дизајнираат ревизорски постапки кои се соодветни во околностите, но не за целите на изразување на мислење за ефективноста на внатрешните контроли на субјектот. Ревизијата исто така вклучува оценка на соодветноста на користените сметководствени политики и на разумноста на сметководствени проценки направени од страна на градоначалникот на општината, како и оценка на севкупното презентирање на финансиските извештаи.

Веруваме дека ревизорските докази кои што ги имаме прибавено се достатни и соодветни за да обезбедат основа за нашето ревизорско мислење.

## 2. Цели, заснованост и период на вршење на ревизијата

2.1. Цел на ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи земени како целина се ослободени од материјално погрешни прикажувања било поради измама или поради грешка, овозможувајќи му на ревизорот да изрази мислење за тоа дали финансиските извештаи се изготвени, во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување и да известува за финансиските извештаи и да комуницира, во согласност со ревизорските наоди.

Цел на ревизијата на усогласеност во врска со ревизијата на финансиските извештаи е ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики и да ја известува законодавната власт и други соодветни тела за наоди и расудувања.

2.2. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Северна Македонија.

2.3. Ревизијата од точка 1.1. погоре е планирана и извршена во периодот од 16.12.2022 до 16.01.2023 година кај ООУ „Љубен Лапе“, Општина Аеродром - Скопје од тим на Државниот завод за ревизија.

## Наоди и препораки

Прашањата кои ги покрива овој извештај беа дискутирани на завршниот состанок со раководството и одговорните лица на субјектот - предмет на ревизија одржан на ден 17.01.2023 година.

Не се добиени забелешки на Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор.

Констатирани се следните состојби:

### 3.1 Внатрешни контроли

3.1.1 При оценка на системот на внатрешни контроли со цел да се утврди дали истите се дизајнирани и функционираат согласно Законот за јавна внатрешна финансиска контрола и Стандардите за внатрешна контрола во јавниот сектор, поради нивно влијание на реалното и објективно презентирање на финансиските извештаи ревизијата го констатира следното:

- во основното училиште не е воспоставена ex-ante и ex-post контрола, која треба да обезбеди финансиските трансакции, расходи или приходи да бидат проверени, пред и откако трансакцијата е целосно завршена со цел намалување на ризикот од несакани последици;
- не се донесени процедури за материјално и финансиско работење во кои ќе бидат опфатени: текот на движење на документацијата за секој вид на плаќање и наплата на приходи, распределба на должностите и одговорностите за лицата вклучени во процесот, системот за следење и контрола на сметководствената документација што подразбира прием на фактури и архивирање, книга на влезни фактури, комплетирање на сметководствената документација, контрола, подготовка на документација за плаќање и нејзино одобрување;
- нема назначено лице кое ќе ја следи реализацијата на договорите за кои има постапка за јавни набавки и за останатите договори;
- не се изготвуваат решенија за определување на вкупниот број на наставни часови на наставници по учебна година;
- финансиските и оперативните елементи на секоја активност не се верификуваат од две меѓусебно независни лица;

- општината како основач нема извршено ревизија на работењето на училиштето за 2021 година;

Ваквите состојби не се во согласност со член 16 од ЗЈВФК, а се резултат на недостатокот на човечки ресурси во училиштето. Имено, во актите за систематизација во административната служба иако се предвидени работни места за сметководител, благајник и архивар, истите не се пополнети. Не воспоставениот систем на внатрешни контроли придонесува за ризик од погрешно прикажување на податоците во деловните книги и финансиските извештаи и ризик од неправилности и недоследности во примена на законските прописи.

Препорака:

Директорот на  училиштето да преземе мерки и активности за:

- ангажирање на потребен број на лица за воспоставување на соодветен систем на внатрешни контроли,
- донесување на процедура за материјално и финансиско работење во која ќе бидат опфатени: текот на движење на документацијата, поделба на должностите по лица за одобрување, извршување, сметководство и контрола.

## 3.2 Усогласеност со закони и прописи

3.2.1 Со извршените детални тестови, ревизијата констатира дека влезните и излезните фактури на ООУ „Љубен Лапе“ Општина Аеродром - Скопје, не се евидентираат во Деловодникот на начин пропишан со одредбите од членовите 8, 9, 12 и 17 од Уредбата за канцелариско и архивско работење. Утврдените пропусти произлегуваат од причини што не се поставени и применети стандардните постапки и процедури, ниту се доделени овластувања и одговорности на учесниците и чинителите во канцеларискто и архивското работење. Имено, при влез и излез на фактурите, истите не се заведуваат во основната евиденција - деловодникот, односно не се евидентирани со деловоден број и дата. Ваквиот начин на канцелариско работење не обезбедува систематски надзор над документите, управување и чување и користење на документите, а создава и ризик од губење на евиденција и нивната хронологија.

По извршената преселба на архивата во август 2022 година, одговорните лица се соочуваат со потешкотии при обезбедување на документацијата.

Препорака:

Директорот на училиштето да преземе мерки и активности за изготвување пишана процедура со која ќе се применат стандардните постапки во канцеларисткото работење согласно законските и подзаконските акти.

## 3.3 Финансиски извештаи

3.3.1 При вршењето на попис на средствата и нивните извори не се применети одредбите за попис од Правилникот за сметководството на буџетите и буџетските корисници, со што не е постапено согласно член 21 од Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници, поради следното:

- пописните листи за основни средства не се потпишани од пописната комисија како што е уредено со член 31 –а од Правилникот;
- извештајот за попис на основните средства не е архивиран и не е потпишан од комисијата за попис со што не е постапено по член 33 од Правилникот;
- не е извршен попис на обврските, односно не е утврден правниот основ за нивното постоење, старосната структура, причините за нереални салда на обврски што не е во согласност со член 31-в од Правилникот за сметководството за буџетите и буџетските корисници.

Поради нецелосно и неправилно извршениот попис, ревизијата не доби соодветни ревизорски докази за да ја потврди реалноста и објективноста на искажаните средства и обврски во Билансот на состојба на ден 31.12.2021 година.

**Препорака:**

Директорот на училиштето да преземе мерки и активности за целосно и квалитетно организирање и извршување на пописот на средствата и обврските, согласно законските прописи.

3.3.2 Позицијата Материјални средства на ден 31.12.2021 година, е проценета во износ од 41.604 илјади денари. Со извршениот увид во приложената документација за материјалните средства и начинот на кој се евидентираат ревизијата констатира дека во книгата на основни средства не се евидентирани основните средства по инвентарен број, нема податок за датумот на набавка на основното средство, групата на основно средство и стапката на амортизација, што има влијание на точноста на отписот на вредноста на материјалните средства и амортизацијата.

Погоре наведената состојба не е во согласност со член 8 и член 19 од Законот за сметководство на буџети и буџетски корисници, како и со член 7 од Правилникот за сметководството на буџетите и буџетските корисници и има за ефект нереално и необјективно проценување на билансните позиции во финансиските извештаи за 2021 година.

Препорака:

Директорот на училиштето да преземе мерки и активности за воспоставување на книга/регистар на основни средства со потребните податоци за правилна пресметка на амортизацијата и утврдување на сегашната вредност.

3.3.3 На позицијата обврски спрема добавувачите во земјата, со состојба на 31.12.2021 година, искажани се обврски со негативно салдо во износ од 2.756 илјади денари.

Со извршената анализа, констатиравме дека од сметката на основен буџет (603), исплатени се средства во износ од 1.270 илјади денари, за ѓубретарина и централно греење без добиени фактури за извршени услуги, а со цел искористување на доделените средства од Буџетот на Општина Аеродром и истите на крајот на годината се префрлени на сметката на расходи на буџет на дотации (903). Остатокот од салдото на добавувачите во износ од 1.486 илјади денари потекнува од минати години, поради тоа што плаќањата се евидентирале на позицијата обврски кон добавувачите без претходно да се создадат обврски по доставени фактури.

Ваквата состојба не е во согласност со член 19 од Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници и има за ефект нереално и необјективно прикажување на обврските во финансиски извештаи.

Препорака:

Директорот на училиштето да преземе мерки и активности за навремено евидентирање на настанатите обврски, согласно законските и подзаконските акти.

Основ за изразување на мислење

Вкупниот ефект од изнесените наоди, кои се основ за изразување на мислење, во точките 3.2. и 3.3., се однесуваат на:

- слабости во канцелариското и архивско работење;
- несоодветно водење на книгата на основни средства;
- несоодветно сметководствено евидентирање на обврските спрема добавувачи;
- нецелосен и несоодветно извршен попис на средствата и обврските.

## 4. Ревизорско мислење

### Мислење за финансиски извештаи

Според наше мислење, поради значењето на прашањата изнесени во точката 3.3. финансиските извештаи не ги прикажуваат вистинито и објективно, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на сметката на расходи на буџет на дотации (903) на ООУ „Љубен Лапе“ Општина Аеродром - Скопје на ден 31 декември 2021 година како и резултатите на финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со важечка законска регулатива.

### Мислење за усогласеност со закони и прописи

Според наше мислење, со исклучок на ефектот на прашањата изнесени во точка 3.2 активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи на сметката на расходи на буџет на дотации (903) на ООУ „Љубен Лапе“ Општина Аеродром - Скопје, во сите материјални аспекти се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

## 5. Нагласување на прашања за неизвесност или континуитет

5.1. Согласно Законот за основно образование “*Секое дете има право на бесплатно и квалитетно основно воспитание и образование во основното училиште.”* Во ООУ „Љубен Лапе“ во учебната 2021/2022 година има 1.237 ученици распоредени во 44 паралелки. Расходите на сметката на расходи на буџет на дотации изнесуваат 1.775 илјади денари, односно 4% од вкупните расходи и истите се недоволни за остварување на образовната дејност.

За 2021 година[1] предлог финансиски план[2] е усвоен од училишниот одбор само за сметката на расходи на буџет на дотации (903) и за сметката на буџет од самофинансирачки активности (787).

Во табела број 1 се прикажани планирани и реализирани расходи за 2021 година за сметката на расходи на буџет на дотации (903).

[1] Бр.05-405/3 од 29.09.2020 година
[2] Бр.05-405/2 од 29.09.2020 година

Табела број 1 - Планирани и реализирани расходи за 2021 година

во 000 денари

| Расходи 2021 | Предлог годишен финансиски план за 2021 доставен до општина за сметка 903 | Одлука на општината за распределба на блок дотации за 2021 на училиштето | Ребаланс-намалување на тековни расходи | Дополнување на тековни расходи од сметка на основен буџет (603), од Буџетот на општината | Реализација на расходи во 2021 година |
|---|---|---|---|---|---|
| Плати и надоместоци | 39.876 | / | / | н/п | 42.260 |
| Стоки и услуги | 4.055 | 2.408 | 2.092 | 1.565 | 1.775 |
| **Вкупно расходи** | **43.931** | | | | **44.035** |

Со Законот за основно образование училишниот одбор има надлежност да предложи финансиски план до основачот, по претходно мислење од наставничкиот совет поради што ревизијата смета дека финансискиот план треба да ги обединува сите сметки со кои располага училиштето.

Во јули 2021 година, училиштето добило Известување[3] за ребаланс со кој се врши намалување на ставката комунални услуги, греење, комуникација и транспорт, поради зголемување на ставката за плати и надоместоци. Училиштето се известува дека ќе се одобрат средства на сметката 603 како дополнување на блок дотацијата за ставката за која се намалени средствата како што е прикажано во табела бр.1.

Во 2021 година, платите и надоместоци во однос на 2020 година се зголемени за 3.321 илјади денари, додека расходите за блок дотации се зголемени само за 1.960 илјади денари.

Табела број 2 - Структура на расходи на буџет на дотации за 2020 и 2021 годна

во 000 денари

| Расходи | 2021 | | 2020 | |
|---|---|---|---|---|
| Плати и надоместоци | 42.260 | 95,97% | 38.939 | 92,55% |
| Стоки и услуги | 1.775 | 4,03% | 3.136 | 7,45% |
| **Вкупно расходи** | **44.035** | **100,00%** | **42.075** | **100,00%** |

Оваа состојба на недоволно средства за извршување на образовната дејност, односно расходи во износ од 1.775 илјади денари, расходи за плати и надоместоци во износ од 96 % од вкупните расходи на сметката која е основа за финансирање на основното образование предизвикува неизвесност и континуитет во работењето на основното училиште.

Поради горе наведената состојба, ревизијата укажува дека е потребно да се направи анализа на целокупниот систем на планирање и финансирање на дејноста основното образование со цел обезбедување на доволно средства за функционирање на основните училишта и остарување на квалитетен образовен процес.

[3] Бр.05-317/1 од 09.072021 година

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Општинско осново училиште „Љубен Лапе“, Општина Аеродором - Скопје | | | | |
| Сметка на расходи на буџет на дотации (903) | | | | |
| БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2021 година | | | | |
| | | | | во 000 денари |
| Опис на позицијата | Образложение | 2021 | | 2020 |
| **Приходи** | | | | |
| Трансфери и донации | 3.1.1. | 44.035 | | 42.075 |
| **Вкупно приходи** | | **44.035** | | **42.075** |
| **Расходи** | | | | |
| **Тековни расходи** | | | | |
| Плати и надоместоци | 3.2.1. | 42.260 | | 38.939 |
| Стоки и услуги | 3.2.2. | 1.775 | | 3.136 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **44.035** | | **42.075** |
| **Вкупно расходи** | | **44.035** | | **42.075** |

Општинско осново училиште „Љубен Лапе“, Општина Аеродором - Скопје

Сметка на расходи на буџет на дотации (903)

БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ

во 000 денари

| Опис на позицијата | Образло-жение | 2021 | 2020 |
|---|---|---|---|
| Актива | | | |
| **Тековни средства** | **4.1** | | |
| Активни временски разграничувања | 4.1.1. | 971 | 640 |
| **Вкупно тековни средства** | | **971** | **640** |
| **Постојани средства** | **4.2** | | |
| Материјални средства | 4.2.1. | 41.604 | 36.167 |
| **Вкупно постојани средства** | | **41.604** | **36.167** |
| **Вкупна актива** | | **42.575** | **36.807** |
| Пасива | | | |
| **Тековни обврски** | **4.3** | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 4.3.1. | (2.756) | (2.688) |
| Краткорочни обврски за плати и други обврски спрема вработените | 4.3.2. | 3.727 | 3.328 |
| **Вкупно тековни обврски** | | **971** | **640** |
| **Извори на средства** | **4.4** | | |
| Извори на капитални средства | 4.4.1. | 41.604 | 36.167 |
| **Вкупно извори на деловни средства** | | **41.604** | **36.167** |
| **Вкупна пасива** | | **42.575** | **36.807** |

Општинско осново училиште „Љубен Лапе“, Општина Аеродором - Скопје

Сметка на расходи на буџет на дотации (903)

## ПРЕГЛЕД
## НА ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИ НА КАПИТАЛНИТЕ СРЕДСТВА ЗА 2021 ГОДИНА

во 000 денари

| О П И С | Државен јавен капитал | Вкупно |
|---|---|---|
| Состојба 01.01.2021 година | 36.167 | 36.167 |
| | | |
| Зголемување по основ на: | 10.418 | 10.418 |
| Набавки | 896 | 896 |
| Отпис на капитални средства | (68) | (68) |
| Ревалоризација на капитални средства | 9.590 | 9.590 |
| | | |
| Намалување по основ на: | 4.981 | 4.981 |
| Отпис на капитални средства | (68) | (68) |
| Ревалоризација на амортизација | 4.297 | 4.297 |
| Амортизација | 752 | 752 |
| | | |
| Состојба 31.12.2021 година | 41.604 | 41.604 |